Сиг. 0801-41

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Инв. Бр. 117

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ЕТИКА*

## ЗА II ГОДИНА

Скопје, 2003 година

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 03-4030/1 од 03.07.2003 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет**: етика

**1.2. Вид на средно образование**: гимназиско образование

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет**: втора година

**1.4. Број на часови на наставниот предмет**
- број на часови неделно : 2 часа
- број на часови годишно: 72 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет**: изборен

# 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

## 2.1.Општи цели

Целта на наставата по Етика е да ги запознае учениците со значењето на моралот во човековиот живот и со улогата на етиката во одржувањето и напредувањето на човештвото, како и да им ги доближи големите човечки вредности.
Преку наставата по Етика и усвојувањето на знаењата од овој предмет, учениците треба да се запознаат со суштината на етиката, со вредностите и целите на современиот живот, да се упатат во значењето на моралот за квалитетот на живеењето.
Од овие цели произлегуваат и посебните цели што ќе им овозможат на учениците:
- да ја сфатат суштината на етиката и на аксиолошкото мислење и дејствување;
- да ги осознаат најважните етички решенија во историјата на човештвото;
- да се упатат во структурата на етичкото мислење и дејствување;

- да се подготват и оспособат за прифаќање и избор на позитивните етички вредности, како и за свој креативен придонес во градењето на етичката аксиологија на општеството;
- да се поттикнат на размисла за темелните прашања на моралот, постапувањето и етичкото оценување;
- да се воведат во самостојно критичко и позитивно однесување спрема етичките дилеми и алтернативи;
- да се поттикнат и оспособат да прават етичка сметка;
- да се запознаат со основните етички вредности и норми во најважните области на денешната практична етика - биоетиката и еколошката етика, социјалната етика, работната и економската етика, политичката етика и др.;
- да се поттикнат на извршување на должностите и на граѓанскиот тип однесување во современото општество;
- да ги осознаат позитивните идејни решенија во врска со етичките вредности, воопшто на животот и во посебните животни и дејствени области;
- да изградат верба во должноста и неопходноста од нејзино извршување;
- да ги разликуваат одговорностите и нормите во разните области на животот;
- да усвојат позитивен морал на човештвото и на нашето општество денес;
- да се воведува во изразување на свој став и изградба на неговиот аксиолошки апарат.

## 3. ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА ПОТРЕБНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА

Етиката е нов предмет во нашето образование и нема широки познавања за нејзината суштина, образовни содржини и едукативни методи. Меѓутоа, етичката тематика е составен дел на вкупното образование и воспитување на младата личност, така што учениците преку разни наставни предмети и содржини во текот на досегашното образование се запознаени со значењето на моралот во животот, со разни морални норми и со моралната практика во разни области. Тоа е добра претпоставка за можноста за следење на овој предмет.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структура на содржините за учење

| Тематски целини и наставни содржини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| 1. Етиката и моралот (7 часа)<br><br>**- Етиката и нејзината улога во човештово**<br><br>**- Моралот и неговата улога во човековиот живот**<br><br>**- Подемот на етиката во современата епоха**<br><br>**- Како етиката го води човекот по правите патишта во животот** | **Ученикот:**<br><br>- да се воведе во етичкиот начин на мислење;<br><br>- да ја разбере улогата на етиката, која го учи човекот како да оди по правите патишта на животот;<br><br>- да сфати дека етиката е составен дел од културата на живеењето;<br><br>- да го разбере современиот развој и подем на етиката. | - Им се открива на учениците суштината и целите, како и улогата на етиката и моралот во животот на човекот;<br><br>- низ дебата се претставуваат основните прашања на етиката како наука за моралот и за животните вредности;<br><br>- се читаат одбрани текстови и се анализира развојот на со-времената етика како една од основните дисциплини во денешната цивилизација;<br><br>- се организира етичка работилница на тема:" Што ми се допаѓа, а што не во нашиот морал. | - Воочување на етичките прашања кои се изучуваат низ другите предмети во гимназиско образование (историја, биологија, општествено-хунанистичките науки); |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. **Човекот (11 часа)**<br><br>**- Што е човекот, како живее, местото на моралот во човековиот живот**<br><br>**- Јас, моето сопство, интереси и однесување, како да бидам пријател на себеси**<br><br>**- Моите очекувања, планови, среќа, судбина, животни ставови**<br><br>**- Другите, блиските, ближните**<br><br>**- Љуби го ближниот како самиот себе!**<br><br>**- Човечкото заедништво и целината на светот (Уноверзална етика)** | -Да се запознае со суштината на личноста и животот на човекот;<br><br>- да ја сфати улогата на моралот во човековиот живот;<br><br>- да ги разбере своите очекувања и животни планови;<br><br>- да ја разбере реалноста на човековото живеење во заедница со другите луѓе;<br><br>- да ја разбере смислата на Христовата порака за љубов кон ближниот;<br><br>- да ја сфати потребата од изградба на Универзалната етика на човештвото. | - Преку примери од практиката учениците анализираат личности и се запознаваат со суштината на личноста, со местото на моралот во личниот живот и во односите на човекот со другите луѓе;<br><br>- на даден текст им се посочува на учениците суштествената потреба да си станат пријатели самите на себе.<br><br>- се чита и анализира прочуената порака на Христос за љубов кон ближниот.<br><br>- се дебатира како дошло до создавање на Универзалната етика на човештвото;<br><br>- се води дискусија за животните и етичките вредности. | - Корелација меѓу различните животни и етички определби во разни епохи и општества.<br><br>- Корелација со предметите Историја, Литература, Психологија, Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. Животот и моралот (10 часа)**<br><br>**- Надеж, оптимизам, среќа**<br><br>**- Чесност, исправност, коректност**<br><br>**- Вистинољубивост, достоинство, храброст**<br><br>**- Умереност, скромност, воздржаност**<br><br>**- Карактер и етика**<br><br>**- Негативни (лоши) постапки - саможивост, завист, злоба, одмазда, непријателство** | - Да осознае дека во животот има различни морални појави, кои се основни за изградбата на правилно однесување;<br><br>- да сфати дека моралните добродетели се потребни и на самата личност и за градење на добри односи со луѓето;<br><br>- да ја согледа вистинската димензија на еднос стандардно однесување во форма на човековиот карактер.<br><br>- да разбере кои се негативните постапки и да се здобие со потреба да се контролира да не ги пројавува.<br><br>- да учествува во дебатите за соодветните етички прашања. | - Се анализира соодветен текст од литературата и од учениците се бара да го објаснат значењето на оптимизмот и надежта за изградбата на човековата среќа;<br><br>- се изработува пано кое содржи личности-позитивни добродетели, кои се израз на добрината во човековото мислење и постапување.<br><br>- се пишува есеј: "Како да изградам добар карактер"<br><br>- со работа во групи учениците изготвуваат портфолио на кое се претставени негативните појави и постапки кои треба да се критикуваат.<br><br>- Се организираат дебати за разните прашања на местото на моралот во животот.<br><br>- Се организираат етички работилници на тама:" Надежта како животтен поттик" и "Разочараноста треба да биде надмината". | Корелација со различните сознанија од животот и повеќето наставни области: Историја, Литература, уметност, Психологија, Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4. Комуникација меѓу луѓето**<br>**(7 часа)**<br>**- Односи меѓу луѓето - суштина на нивната комуникација**<br>**- Разбирање, соработка**<br>**- Толеранција**<br>**- Емпатија** | - Да се запознае со суштината на односите меѓу луѓето и нивната комуникација;<br>- да ја разбере смислата на разбирањето и на соработката меѓу луѓето како исклучително важни форми на нивните односи;<br>- да ја сфати основната идеја и порака на толеранцијата како современа етичка појава на трпеливост и разбирање меѓу луѓето;<br>- да ги разбере основните начела и да ја сфати потребата од емпатија (вчувствување) во проблемите на луѓето;<br>- да го сфати страдањето на луѓето како инспирација за етиката. | - Се изработува листа на основните начелата на комуникацијата меѓу луѓето;<br>- се изработува портфолио во кои се претставени формите на разбирање и соработка меѓу луѓето;<br>- се читаат на учениците делови од учењата на големите етичари : Лок, Волтер, Толстој, Ганди и др во кои е претставена идејата толеранција;<br>- се анализира пример на емпатијата како важен морален метод;<br>- се организира дискусија за некои особени аспекти на етичкото доживување наспроти човечките страдања;<br>- се организира етичка работилница за чувството кон страдалниците како извор за новите етички настапувања. | - Историја,<br>- Литература,<br>- Географија,<br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5. Етичко сметање (6 часа)**<br><br>**- Разумот и моралот**<br><br>**- Идејата за етичко сметање**<br><br>**- Правење избор со етичко сметање** | - Да умее да ги објасни основите на рационалистичката етичка концепција;<br><br>- да ја опише идејата на Бентам за етичко сметање и нејзините карактеристики;<br><br>- да ја разбере суштината на методот на етичкото сметање како основа на современиот утилитаризам;<br><br>- да научи да прави етичка сметка и да ја користи при донесувањето животни и етички решенија;<br><br>- да го применува етичкото сметање како корисен етички метод. | - Се анализираат текстови од рационалистичката концепција на етиката;<br><br>- се изработува портфолио во кое е претставена идејата за етиччкото сметање на времето;<br><br>- се организира дискусија за улогата на разумот и на чувствата во етичкото мислење и дејствување;<br><br>- се организира етичка работилница на тема:"Разумот може и треба да биде единствен или најважен водител при етичкото одлучување". | - Психологија,<br><br>- Историја,<br><br>- Литература,<br><br>- уметности,<br><br>- Социологија и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6. Љубов (11 часа)**<br><br>**- Љубовта како чувство и однесување**<br><br>**- Трите вида љубов**<br><br>**- Избор во љубовта**<br><br>**- Љубовни односи - посветеност, почитување, грижа**<br><br>**- Брак**<br><br>**- Раѓање и воспитување на деца** | - Да се запознае со суштината на љубовта како најсилно чувство и како основа за етиката;<br><br>- да ги опише трите вида на љубов како посебни видови емоции и страст и нивното значење за етиката;<br><br>- да сфати дека треба да направи избор во љубовта;<br><br>- да разбере дека во љубовните односи голема улога имаат етичките аспекти;<br><br>- да ги објасни елементите на семејната етика, која се резимира во бракот и во раѓањето на деца;<br><br>- да разбере дека планирањето на семејството е основа за правилната семејна етика. | -Работа во групи:се изработуваат паноа на кои се прикажани трите вида на љубов - посветеност кон нешто, еротска страст и општочовечка љубов;<br><br>- се изготвува листа на основните етички вредности во љубовта;<br><br>- се води дискусија за нивните први љубовни искуства и дали при тоа ги запазувале начелата на етиката;<br><br>- се анализираат статистички податоци за бракоразводите во Р.Македонија и се дебатира за причините кои доведуваат дотоа;<br><br>- се пишува есеј на тема: “Планирање на семејството”. | - Психологија,<br><br>- Социологија,<br><br>- Биологија,<br><br>- Литература’<br><br>- Економија,<br><br>- Историја,<br><br>- Уметност и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7. Работна етика (7 часа)**<br><br>**- Активност, трудољубивост, трудење**<br><br>**- Соработка, размена**<br><br>**- Пари, имот, штедење** | - Да се запознае со основните појави на работната и економската етика;<br><br>- Да ги сфати основните добродетели на работната етика како карактерни својства на личноста;<br><br>- да ја сфати суштината на економските односи на соработката и размената на вредностите;<br><br>- да ги разбере етичките вредности на парите и имотот;<br><br>- Да разбере каква е потребата од штедење во системот на пазарно стопанство. | - На примери од дневен печат се анализира етичката суштина на соработката и размената во економската сфера;<br><br>- се изготвува листа на етичките димензии на парите и имотот;<br><br>- се дебатира за високите вредности на штедењето во личниот и социјалниот живот<br><br>- се организира дискусии за работната етика;<br><br>- се изготвува портфолио за потребата од штедење како израз на личната и социјалната етика во општество со пазарно стопанство. | - Економија,<br><br>- Социологија,<br><br>- Психологија,<br><br>- Историја,<br><br>- Литература и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8. Здравствена етика ( 8 часа)**<br><br>**- Етиката на здравјето денес**<br><br>**- Одговорност на секого за чувањето на здравјето**<br><br>**- Заразни болести**<br><br>**- Зависности и дрога** | - Да се запознае со основните цели и содржини на здравствената етика;<br><br>- да сфати дека секој има одговорност за чувањето и унапредувањето на своето здравје, како и на здравјето на сите други луѓе;<br><br>- да се запознае со суштината на заразните болести и со улогата на човекот во нивното ширење односно спречување;<br><br>-да ја сфати суштината на зависностите и нивните видови;<br><br>- да изгради став против употребата на тутунот, алкохолот и особено дрогата, како големи болести на личноста. | - Да ги упати учениците во основните димензии на здравствената етика денес;<br><br>- се изработува пано на кое се претставени сите заразни болести и нивните манифестации;<br><br>- се организира работилница: Како да се чува здравјето?<br><br>- се изработува портфолио “Наркоманијата како најопасна болест за младиот човек денес”. | - Биологија,<br><br>- Психологија,<br><br>- Социологија,<br><br>- Литература,<br><br>- уметност и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9. Политичка етика ( 5 часа)**<br><br>**-Демократија, човекови права и одговорност**<br><br>**-Мир**<br><br>**-Толеранција и соработка меѓу луѓето** | - Да се запознае со основните форми и содржини на политичката етика на денешниот свет;<br><br>- да ги сфати принципите на демократијата како политичка форма на денешницата;<br><br>- да се запознае со човековите права и со нужноста од нивно почитување;<br><br>-да го сфати значењето на мирот како основна вредност на Универзалната етика на човештвото;<br><br>-да ги разбере основните начела и појави на толеранцијата во современото човештво. | - Се води дискусија за значењето на човековите права за етичката вредност на општеството;<br><br>-се читаат делови од Универзалната декларација за правата на човекот и се бараат причините за потребата од еден ваков етичко-политички документ;<br><br>- се читаат текстови за основните учења за мирот во современото човештво во различните етички, религиски, политички и социјални учења;<br><br>- се читаат народни приказни, поговорки за толерантноста и се разгова за нивната улога во секојдневниот живот. | - Историја,<br><br>- Социологија,<br><br>- Психологија,<br><br>- Литература,<br><br>- Економија,<br><br>- уметност и др. |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

За да се реализираат целите на Наставната програма (стекнување на знаења за етичките вредности, развивање на интелектуалните и индивидуални способности, градење и бранење на сопствени ставови), задолжително треба да се применуваат современи интерактивни техники на учење и активности. Тие ќе им овозможат на учениците не само стекнување на трајни знаења, туку и умешно да се практикуваат во секојдневниот живот. Од интерактивните техники на учење треба да се применуваат:бура на идеи, дискусии и дебати, анализа на текстови и документи, анализа на случај, социодрама , но и традиционалните дидактички методи: предавање, насочен разговор и сл.

Наставата по етика отвора пат за актуелизација на нови тематски содржини, но напоредно со тоа овозможува продлабочување и проширување на веќе стекнатите знаења од секојдневната практика.

Во наставата по етика можат да се користат примери од секојдневниот живот, од медиумите, од личното искуство на учениците, од литературата и нашата и странската историја. Тие примери не треба да водат во историцизам, туку да се користат во нивниот евентуален современ контекст.Пожелно е да се читаат или обработуваат делови од филозофски дела и етичка литература, од моралистички списи, од уметничката литература со морално значење. Можат да се прикажат филмови или снимени театарски претстави со етичка содржина и да се организира дискусија за изнесените етички дилеми.

Мошне е корисно да се организираат дебати со учениците. Проблемите за кои ќе се дебатира треба да бидат однапред најавени.

Многу е важно на секој наставен час учениците да стекнуваат моралната поука, која треба да биде позитивни интонирана и насочена.

#### 4.2.1. Активности на наставникот

Секој наставник, според своето филозофско образование, според сопствениот хабитус и интелектуални и етички амбиции пожелно е во текот на реализацијата на наставната програма, наставните содржини да ги приспособи на интересот и потребите на учениците имајки ги пред вид предвид социјалните околности, историските и личните искуства и културниот контекст.

Примената на интерактивните техники на учење од наставникот бараат да го промени својот однос кон наставната работа и од информатор-презентер на знаењата и испрашувач, да биде дидактички режисер, координатор, инструктор, водач за размена на искуства и мислења.

Сето тоа ќе овозможи да се индивидуализираат задачите на учениците и истите да се прилагодуваат на нивните интереси и интелектуални можности.

Наставникот може да задава на учениците и домашни задачи, писмени задачи во вид на есеи како можност учениците да ја изразуваат својава индивидуалност.

Наставникот, исто така треба да ги мотивира и охрабрува учениците што повеќе да прашуваат и слободно да го искажуваат сопственото мислење.

### 4.2.2 Активности на ученикот

Активностите на ученикот произлегуваат од техниките што ќе ги примени наставникот при обработката на наставните содржини. Тие често пати ќе бидат ставени во улога на аналитичари на текстови, ќе решаваат некоја проблемска ситуација, ќе играат улоги, ќе бараат причинско-последични врски. Во секој случај тие ќе бидат максимално активни, ангажирани и со насочено внимание.

Во наставата по етика учениците треба да бидат организирани во парови, групи (со најмалку 5 членови) и фронтална.Почесто треба да се практикува индивидуалната форма на наставна работа.Етичките работилници им овозможуваат на учениците самостојно да истражуваат и своите сознанија да ги изразуваат преку: тези, кратки есеи, шеми, цртежи, изработка на портфолија, паноа и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по наставниот предмет Етика како изборен предмет во општествено-хуманистичкото подрачјеќе се реализира на наставни часови според изготвен неделен распоред на часови. Наставникот треба да подготви годишен план, тематско планирање и дневна подготовка

### 4.4. Наставни средства и помагала

За реализација на наставата по наставниот предмет Етика, како изборен предмет, неопходни се следниве наставни средтва и помагала: графоскоп, аудиовизуелни помагала (видеорекордер, касетофон, ЦД, касети со соодветни филмови), фотокопир апарат, хартија, маркери, цртежи, табели, дијаграми, шеми, стручна литература..........

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето во процесот на учење на етиката е посебен педагошки проблем што се поставува пред наставникот. Процесот на оценувањето треба да биде постојан и конзистентен во текот на учебната година, планиран, систематски. Оценката треба да биде мотивација и сатисфакција на ученикот, чувство на задоволство од постигнатото, како и чувство на праведност и достоинство. Значи, оценување треба да биде исто така етички релевантно. За таа цел наставникот треба да изготвува инструменти за проверка на знаењата на учениците. Битно е наставникот по етика да оствари добра комуникација со своите ученици и низ постојано следење на нивните активности и напредување, заедно со нив, да оформи оценка.

Елементите кои се ценат при формирањето на оценката се разновидни и многубројни. Во наставната практика по етика при формирањето на оценката се тргнува од следните елементи: експонирање на ученикот во рамките на дијалогот; монолошки излагања на ученикот; домашни задачи; есеи; експликации и експозеа; писмени вежби; тестови на знаење, земено во целост – оценката се оформува според портфолиото на ученикот.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1 Основни карактеристики на наставникот

Наставникот кој ќе ја реализира наставната програма по Етика во втора годинакако изборен предмет, треба да поседува лични и педагошки квалитети. Тоа подразбира да биде личност отворена за соработка и комуникација,да поседува креативност, ентузијазам, способност за јасно изразување, да ја сака педагошката работа и пред се да поседува високи морални квалитети.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по етика ќе ја реализира професор по Филозофија (завршени студии по Филозофија), Магистер по Филозофија (положени испити на постдипломски студии по Филозофија и одбранета магистерска теза од областа на филозофијата), Доктор по филозофски науки (одбранета докторска дисертација од областа на филозофијата).

# 7. ДАТА НА ИЗРАБОТКАТА И НОСИТЕЛИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Дата на изработката:** мај 2003 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Проф. д-р Кирил Темков, редовен професор по Етика на Институт за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
2. Доц. д-р Јован Лозановски, доцент по Филозофија на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола и наставник по Филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин";
3. М-р Драгор Заревски, докторски кандидат по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје;
4. Гордана Трајкова Костовска, советник по социологија во Бирото за развој на образованието.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1.09.2003 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *етика* како изборен предмет ја одобри (донесе):

_____________________________________________ со решение бр. ____________ од__________година